Информативно гласило на Град
# СКОПЈЕ
| Број 20 | Година IV | 06.07.2011г. |
Бесплатен примерок

# НОВА ГРАДСКА КУЌА НА КЕЈОТ НА ВАРДАР



# СЕ ГРАДИ НОВ АДМИНИСТРАТ

Градот Скопје на 3 јуни ја почна изградбата на административно-деловниот објект за потребите на администрацијата. Новиот објект се гради на улицата Лазар Личеноски, под скопското Кале, на локацијата на поранешните бараки на ЈП „Водовод и канализација". Станува збор за зграда во којашто при изградбата ќе се вградат современи материјали и ќе се применат нови технологии.

- Објектот ќе се гради на површина од 1.274 квадратни метри, ќе има приземје и пет ката и ќе биде висок 21 метар. Главниот влез ќе биде од новопроектираната улица којашто ќе води по кејот на реката Вардар, а влез во зградата ќе биде обезбеден и од страната на улицата Лазар Личеноски. На приземјето од објектот ќе биде сместена Архивата на Град Скопје, како и другите простории наменети за директните корисници на услугите на Градот Скопје. На четири ката, од првиот до четвртиот кат, се обезбедени канцеларии за вработените во градската администрација. Канцелариите се од океански тип, со можност за приспособување на просторот во зависност од потребите на Градот Скопје. Објектот предвидува работен простор за 650 вработени - рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи.

Според проектот, на петтиот кат се планирани простории за кабинетот на градоначалникот на Град Скопје и за секретарот на Град Скопје, сала за Советот на Град Скопје и просторија за претседателот на Советот на Град Скопје.

Новиот објект ќе има централна климатизација. Неговата фасада ќе биде во неокласичен стил при што ќе бидат запазени сите стандарди за заштеда на енергијата. На изградба на новиот административно-деловен објект за потребите на администрацијата на Град Скопје ќе работат екипите на градежната компанија „Бетон" од Скопје. Рокот на изградба е 4 години, а за изведба на овој значаен проект Градот Скопје ќе потроши околу 900 милиони денари. Со оглед на тоа што ќе се гради во контактната зона на скопското Кале, коешто е заштитен објект од областа на културното наследство, редовни контроли ќе врши Управата за заштита на културното наследство.

Вертикалната комуникација по катови во новиот објект ќе се одвива со лифтови и по скалила. Обезбедено е и подземно паркирање на три нивоа, за 170 возила.

Според резултатите од јавниот конкурс на Градот Скопје, автори на проектот за административно-деловниот објект за потребите на администрацијата на Град Скопје се Иван Кокалановски и Борче Стојковски од „КАД БИРО".





# ИВЕН ОБЈЕКТ НА ГРАД СКОПЈЕ



# РЕКОНСТРУИРАНИ ШЕСТ ГОЛЕМИ

Екипите на Градот Скопје минатиот месец успешно ја завршија големата реконструкција на шест сообраќајници во централното градско подрачје, и тоа на булеварите Партизански одреди, Крсте Мисирков и Кузман Јосифовски Питу, како и на улиците Даме Груев, Васил Аџиларски и Стив Наумов. Стариот и оштетен асфалт на овие сообраќајници е изгребен, шахтите и сливниците се нивелирани, автобуските стојалишта се уредени и е нанесен нов асфалтен слој.



Улица Даме Груев




Булевар Крсте Мисирков



Булевар Партизански одреди

# СООБРАЌАЈНИЦИ ВО ЦЕНТАРОТ

- Од обновата на коловозната површина на шесте големи сообраќајници во градот корист имаат сите граѓани на Скопје. За изведување на градежните работи Градот Скопје одвои околу 150 милиони денари. Би сакал да им се заблагодарам на моите сограѓани што покажаа трпение и големо разбирање додека се извршуваа градежните работи и што доследно го почитуваа привремениот сообраќаен режим. Овој проект значително влијае врз зголемувањето на безбедноста и на проточноста на сообраќајниците во градот што е приоритет во нашата работа – вели градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Булеварот Партизански одреди се реконструираше од крстосницата со булеварот ВМРО (објект „Тифани“) до крстосницата со улицата Рузвелтова, во должина од 1 300 метри. Работите ги изведуваше ГП „Пелагонија – Гостивар“. Градежните работи продолжија на улицата Даме Груев, која што беше обновена во должина од 250 метри, од објектот „Тифани“ до ТЦ „Палома Бјанка“.

Улиците Васил Аџиларски и Стив Наумов беа обновени на потегот од Градската болница до објектот на МНТ, во вкупна должина од 850 метри. На терен работеа екипите на градежната фирма „Хуљуси комерц“ од Куманово.

Асфалтот на булеварот Крсте Мисирков е обновен од клучката „Детелинка“ до Судската палата, во должина од 772 метри. На обнова на оваа улица работеше градежната фирма „Бауер БГ“.

Булеварот Кузман Јосифовски Питу се реконструираше на потегот од Железничката станица до крстосницата со булеварот Кочо Рацин, во должина од 475 метри. На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.


Булевар Кузман Јосифовски Питу


Улица Васил Аџиларски


Улица Стив Наумов

*Капитални проекти на Градот Скопје*

# ШЕСТ ЛЕНТИ ЗА БУЛЕВАРОТ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ



Булеварот Свети Климент Охридски, на потегот од крстосницата со улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до крстосницата со булеварот Илинден, наскоро ќе добие шест коловозни ленти. Проектот за проширување на оваа клучна сообраќајница ќе се изведува во фази. Деновиве се работи на делницата од крстосницата со улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до крстосницата со булеварот Партизански одреди во должина од 500 метри.

По проширувањето, булеварот Свети Климент Охридски ќе има по три коловозни ленти во секоја насока, широки по 3,5 метри, средишно зеленило – жардиниера и нови тротоари покриени со бекатон-плочки. Ќе се преуредат постојните крстосници, а се планира и реконструкција на атмосферската канализација.

На проширување на булеварот Свети Климент Охридски работат екипите на градежната компанија „Гранит“, а рокот за изградба е пет месеци. За проширување и реконструкција на булеварот Свети Климент Охридски Градот Скопје ќе одвои околу 29 милиони денари.



# НОВ ЛИК И ЗА УЛИЦАТА
# МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ

И улицата Митрополит Теодосиј Гологанов наскоро ќе добие нов лик. Сообраќајницата се проширува на потегот од улицата Франклин Рузвелт до улицата Костурски херои (еден крак) и кон улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до свртувањето в десно кон улицата Народен фронт (втор крак).

- Улицата ќе се проширува од десната страна во насока од општината Карпош кон општината Центар во вкупна должина од 1.600 метри. Сообраќајницата ќе добие 4 сообраќајни ленти (по две во секоја насока) со вкупна широчина од 13 метри и тротоари од двете страни со широчина од по 3,5 метри. Од десната страна на булеварот ќе биде поставено ново улично осветлување. Се предвидува посебен џеб за возилата од јавниот превоз, како и пешачки и велосипедски патеки на тротоарите. Атмосферските води од новопроширената улица ќе се слеваат во постојната атмосферска канализација којашто е во функција – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи.

При проширувањето, улицата 9.Мај ќе биде отворена како еднонасочна и ќе биде поставен семафор. Еднонасочен сообраќај ќе се воведе и на улицата Костурски херои. Исто така, семафоризација ќе биде направена во делот на свртувањето од улицата Мито Хаџивасилев Јасмин кон улицата Народен фронт, при што и оваа уличка ќе добие четири ленти.

Белег на овој проект е турбо кружниот тек што ќе се формира меѓу улиците Митрополит Теодосиј Гологанов, Костурски херои и Мито Хаџивасилев Јасмин (кај Католичката црква). Овој кружен тек ќе претставува прв објект од ваков тип во Скопје.

На проширување и реконструкција на улицата Митрополит Теодосиј Гологанов ќе работат екипите на градежната фирма „Бауер БГ“, а градежните работи треба да завршат за пет месеци. За целосна реконструкција на улицата Митрополит Теодосиј Гологанов Градот Скопје ќе потроши околу 72 милиона денари.

Овој проект е само уште еден во низата капитални проекти на Градот Скопје коишто значително ќе придонесат за намалување на сообраќајниот метеж во градот, за скратување на времето на патување и за заштита на животната средина.







# МОСТОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА ВО НОВО РУВО

Градот Скопје успешно го заврши проектот за реконструкција на тротоарите, оградата и уличното осветлување на Мостот на Револуцијата, што ги поврзува булеварите Кочо Рацин и Крсте Мисирков. Санирани беа оштетените бетонски делови на надворешната страна на мостот и на пешачките патеки, подлогата беше санирана и покриена со печатен бетон, а беше извршена и заштита на инсталациите што минуваат преку мостот.

Коловозот на мостот е целосно обновен и покриен со нов асфалт. Новата ограда е изработена од ковано железо. Во оградата се монтирани 22 декоративни канделабри. Мостот дополнително го осветлуваат 10 столба од уличното осветлување. Контурите на мостот ги нагласува линиското осветлување од 114 светилки со ЛЕД диоди, а 6 рефлектори се поставени на лаците.

Реконструкцијата на Мостот на Револуцијата ја извршија екипите на градежната компанија „СИНТЕК ДОО“ од Скопје. За обнова на мостот Градот Скопје потроши околу 27,6 милиони денари. Мостот на Револуцијата е изграден во 1963 година и ова е прва негова реконструкција.

Врз основа на зададената проектна задача, на јавниот конкурс за изработка на идејно решение за заштитна ограда и илуминација на Мостот на Револуцијата беше прифатено решението на авторот Зоран Јордановски.



# НОВ МОСТ НА ВАРДАР МЕЃУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ И САРАЈ



Нов мост на реката Вардар, долг 50 метри, наредната година ќе ги поврзе населбите Ѓорче Петров и Сарај. Потребата од изградба на нов мост се јави поради дотраеност на стариот железен мост во Сарај.

Новиот премин преку Вардар ќе биде армирано-бетонски, во три распони. Тој ќе биде паралелно поставен на постојниот железен мост на реката Вардар во Сарај, на растојание од 1,5 метри. На мостот ќе биде изграден коловоз со две сообраќајни ленти (по една во двете насоки) со широчина од по 3,5 метри, а ќе биде формирана и велосипедска патека со широчина од 2,5 метри. Од двете страни на коловозот ќе се изградат и пешачки патеки со широчина од по еден метар.

Заштитната ограда на новиот мост ќе се состои од челични столбчиња поврзани со профилирана лимарина. Мостот ќе биде осветлен со челични канделабри.

На терен ќе работат екипите на градежната компанија „Гранит АД“ – Скопје. Вредноста на овој капитален проект е околу 96,8 милиони денари, средства обезбедени од Градот Скопје, општината Сарај и од Владата на Република Македонија.



## НОВО ПАРКИРАЛИШТЕ ПРЕД ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА...

Ново паркиралиште се гради и пред објектот на Зоолошката градина, од десната страна. Паркингот ќе собира 93 возила и ќе го олесни паркирањето на посетителите на Зоолошката, којашто прерасна во модерна зоолошка градина со уредени и со безбедни живеалишта, нови животни и со многубројни забавни содржини. Градот Скопје за овој проект ќе одвои околу 9,8 милиони денари.

Паркинг-просторот е широк 18 метри, а долг 152 метри. Во текот на градежните работи на паркиралиштето ќе се постави атмосферска канализација долга 180 метри (Ф 300), којашто ќе овозможи одведување на атмосферските води. Меѓу тротоарот на булеварот Илинден и паркиралиштето ќе се оформи зелен појас со ширина од 10 метри.

На изградба на ова паркиралиште работат екипите на градежната компанија „Жикол" од Скопје.



## ...И ПОД ТРАНСПОРТНИОТ ЦЕНТАР.

Под Транспортниот центар кон крајот на летово ќе се изгради ново паркиралиште за автобуси и за лесни моторни возила. Овој паркинг-простор, што е ограден со реката Вардар и со улиците Никола Карев и Владимир Комаров, ќе обезбеди 64 паркинг-места.

Паркиралиштето ќе има површина од 8.000 квадратни метри којашто ќе се покрие со бекатон-плочки. Ќе се обезбедат 10 обележени паркинг-места за автобуси, 12 места за комби-возила и 42 паркинг-места за автомобили. Во средишниот дел на паркингот ќе се формира интерна улица широка 7 метри, со две коловозни ленти.

На изградба на новото паркиралиште под Транспортниот центар работат екипите на градежната компанија „Беграмо инжинеринг", а Градот Скопје во овој проект ќе вложи околу 11,6 милиони денари.

*На улицата Даме Груев*



# КАТНА ГАРАЖА ЗА 605 ВОЗИЛА

Катната гаража што се гради на улицата Даме Груев ќе обезбеди јавен паркинг за околу 605 возила и ќе придонесе за решавање на еден од најголемите сообраќајни проблеми во центарот на градот – обезбедувањето паркинг-место за сите. Новиот објект се гради на површина од околу 3.070 квадратни метри и ќе има 7 ката над земја и две нивоа под земја. Објектот ќе биде висок 23 метри.

За влез и излез од гаражата е предвидено модерно сообраќајно решение и пристап од улицата Даме Груев. На приземјето и на првиот кат се предвидува простор за деловно-трговска намена, а на другите катови се обезбедуваат 605 паркинг-места, како и паркиралиште за 120 велосипеди. Сообраќајот по катови ќе се одвива преку спирална рампа сместена во кула. На секој кат се предвидени тоалети за посетителите, вклучувајќи и тоалет за лицата со посебни потреби. Објектот е енергетски ефикасен, според сите стандарди, со модерни системи за греење и за ладење, како и противпожарна заштита.

Фасадата на објектот ќе биде застаклена и ќе овозможува природна вентилација. Просторот околу катната гаража партерно ќе се уреди по завршувањето на градежните работи.

Проектот за катната гаража на улицата Даме Груев е на Градежниот институт „Македонија" А.Д. – Скопје (главен проектант е Љубин Макаровски). Објектот го градат екипите на градежната компанија „Конструктор инжинеринг ДД Сплит", а се очекува да биде готов за две години.

За изградба на овој капитален објект Градот Скопје ќе издвои околу 850 милиони денари.



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Реконструкцијата на фасадите на објектите во централното градско подрачје (фасадата над ресторанот „Пелистер“ на улицата 11.Октомври број 2 и на улицата Маршал Тито број 22) се одвива според предвидената динамика. Деновиве се леат орнаментите што ќе ја украсуваат новата фасада и се очекува да почне нејзиното оформување.



Површината на фасадата што ќе се реконструира изнесува 1.100 квадратни метри. Завршницата на фасадата ќе биде од дробен травертински камен, а на места од бакар и од ковано железо. Градот Скопје за реконструкција на фасадата на „Пелистер“ од Буџетот издвои околу 14,7 милиони денари.

Проектот за реконструкција на фасадата го изработи “ЖАГРА КОМ ДОЕЛ СКОПЈЕ”, автори се Лазар Димов и Никола Стакинов, а реконструкцијата ќе ја изведе градежната компанија „Бауер БГ“.

Во тек е изработката на проектите за реконструкција на фасадата на делот од објектот на ГП „Пелагонија“ и за објектот на улицата Никола Вапцаров број 2 (над кафетеријата „Тренд“).





## ОТВОРЕНА ЗА СООБРАЌАЈ УЛИЦАТА КРУШОПЕК

Улицата Крушопек во село Крушопек, општина Сарај, изминативе денови беше целосно реконструирана и отворена за сообраќај. Делницата е долга 1.200 метри и широка 4,5 метри, а дополнително се поставени и банкини.

Коловозот на улицата е целосно обновен, асфалтиран и обележен. Во наредниов период продолжува реконструкцијата на делот од патот кон село Грчец. На реконструкција на улицата Крушопек работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар“.

Во вкупната вредност на проектот за реконструкција на улицата Крушопек од 14 милиони денари Градот Скопје учествува со 8,5 милиони денари.



## АСФАЛТ ЗА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО КИСЕЛА ВОДА

Екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ деновиве ја прошируваат улицата број „1“ во населбата Усје, од последната станица на автобусот со број 4 кон кривината на самата улица. Според планот за работа, предвидено е да се асфалтираат, односно санираат оштетените делови и на улиците со броевите „2“, „4“, „5“, „22“ и на улицата „26“.

По налог на Градот Скопје, екипи на ЈП „Улици и патишта“ го реконструираат коловозот и на улицата Вера Јоциќ, во општината Кисела Вода. Улицата е долга 450 метри, а широка 7 метри.

За асфалтирање на овие сообраќајници од Буџетот на Град Скопје ќе се издвојат околу 7,5 милиони денари.



# ПРОБИЕН ВТОРИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ МАКЕДОНСКА ВОЈСКА

Градот Скопје успешно ја заврши изградбата на вториот дел од булеварот Македонска војска во општината Ѓорче Петров. Новата сообраќајница се градеше на потегот од крстосницата со улицата Ѓорче Петров кон стадионот на ФК „Македонија Ѓорче Петров" во должина од 850 метри.

Новиот коловоз е широк седум метри, со по една коловозна лента во секоја насока. Асфалтирана е површина од 5.550 квадратни метри. По должината на улицата се оформени тротоари коишто се покриени со бекатон-плочки. Сообраќајницата ја осветлуваат 26 светлосни столба.

Пробивањето на булеварот беше искористено за да се постави атмосферска канализација со променлив профил од 300, односно 400 милиметри. На изградба на вториот дел од булеварот Македонска војска работеа екипите на градежната компанија АД „Гранит". Градот Скопје за реализација на овој капитален зафат потроши околу 25 милиони денари.




Претходно...

# МОДЕРЕН КРУЖЕН ТЕК ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



Кружната крстосница – кружен тек меѓу улиците Ѓорче Петров, Воин Драшкоци и Радушка во општината Ѓорче Петров, чијашто изградба Градот Скопје ја заврши кон крајот на мај, значително го намали сообраќајниот метеж, а го зголеми протокот на возила. Кружниот тек е формиран на ниво на постојниот коловоз, има две коловозни ленти широки 7 метри и нови пешачки и велосипедски патеки.

При изградбата на кружниот тек влезот во улицата Радушка е проширен и уреден. Тротоарите и велосипедските патеки на крстосницата се покриени со бекатон-плочки, а велосипедските патеки се означени со црвена боја. Поставени се и заштитни столбчиња, а уличното осветлување на крстосницата е обновено.

Атмосферската канализација на кружниот тек е реконструирана, со дополнителен број шахти. Одведувањето на атмосферските води е овозможено со изведба на вертикални сливници. На кружниот тек се поставени нови сообраќајни знаци, без семафори.

На изградба на ова модерно сообраќајно решение работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар“.

Со изградбата на кружниот тек се зголеми безбедноста во сообраќајот на овој потег. Ова е прв кружен тек на толку прометна улица во градот, а Градот Скопје ќе продолжи да гради кружни крстосници на повеќе локации за да се намали сообраќајниот метеж – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на официјалното отворање за сообраќај на кружниот тек.



Претходно...

# РЕКОНСТРУИРАН ПАТОТ КОН ГРОБИШТАТА КАМНИК



Кракот од улицата Јужноморавски бригади што води кон гробиштата Камник на почетокот на минатиот месец беше проширен и реконструиран.

- Овој крак од улицата Јужноморавски бригади значи живот за жителите на овие 500 куќи коишто гравитираат овде и за сите граѓани коишто имаат потреба да ги посетат гробиштата Камник. Патот е долг 756 метри и со проширувањето доби две коловозни ленти со ширина од по 3 метри. Коловозот е реконструиран и е покриен со нов асфалтен слој, а од двете страни на улицата се изведени тротоари со ширина од по два метри коишто се покриени со бекатон-плочки. Од страната на населбата, на местата каде што се јави потреба, се изградени потпорни ѕитчиња со променлива висина, во зависност од конфигурацијата на теренот. За реализација на овој проект, којшто е заедничка инвестиција на Градот Скопје и на општината Гази Баба, беа инвестирани околу 23,5 милиони денари, од кои Градот Скопје обезбеди 75 насто – истакна градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски на официјалното отворање за сообраќај на новата улица.

На сообраќајницата се изведени и дренажни цевки за одводнување, а сите секундарни приклучоци на водоводната и на фекалната мрежа се обновени.

На терен работеа екипите на градежната компанија „Бауер БГ“.



Претходно...

Совет на Град Скопје



## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКИ РАЗВОЈ НА ГРАД СКОПЈЕ (СЕАП)

Во согласност со заложбите за енергетски развој и ефикасност, Советот на Град Скопје го донесе Акцискиот план за енергетски развој на Град Скопје (СЕАП). Со овој план се утврдуваат приоритетите и активностите на Градот за наредниот период во насока на енергетскиот развој и ефикасност, како и методите за следење и за контрола на спроведувањето на акцискиот план.

СЕАП е направен во согласност со преземените обврски од проектот за Изградба на системи за управување со енергијата во градовите Сараево, Загреб, Скопје и Подгорица. Така, акцискиот план е во насока на намалување на емисијата на $CO_2$ во Скопје на 21 процент до 2020 година. Акцискиот план е работен според насоките на Европската комисија, каде што планираните мерки и анализи се правени во трите главни сектори - згради, транспорт и улично осветлување.

## ДОНЕСЕН НАЦРТОТ НА ЛЕАП 2

Утврдувањето на состојбата и креирањето мерки и активности коишто треба да се преземат во наредниот период за заштита и унапредување на животната средина во Скопје се главните насоки изнесени во Нацртот на Локалниот еколошки акционен план за Град Скопје (ЛЕАП 2) - стратешки документ што го усвои Советот на Град Скопје на последната седница.

Во оваа студија, се детектираат сите промени во животната средина коишто настанале во изминативе 5 години и се посочуваат приоритетите на Градот за заштита и унапредување на животната средина. Како посебни области коишто се земени предвид во оваа студија и детално се разработуваат се отпадот, воздухот, бучавата, водите, почвата, искористувањето на земјиштето и природата.

## СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ (2010-2013)

Советот на Град Скопје ја донесе Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје, со акционен план за периодот од 2010-2013 година. Целта на оваа стратегија е да се утврдат стратешките цели од областа на локалниот економски развој на Градот Скопје. Содржината којашто е опфатена со оваа Стратегија е сестрана, па затоа во нејзината изработка се земени предвид географската положба, природните ресурси, економската благосостојба, организационата структура, надлежноста и овластувањата, степенот на децентрализација, општинските давачки и слично.

Како три клучни правци на развој и стратешки цели на Стратегијата за локален економски развој на Град Скопје се одржливиот развој, зачувувањето и оптималната алокација на ресурсите, развиената, конкурентна и одржлива економија, како и високиот квалитет на услугите за граѓаните и за бизнис секторот.

## ЛИФТ И ПЛАТФОРМА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО СУГС „АРСЕНИЈ ЈОВКОВ“

Градот Скопје ги продолжува активностите за овозможување поголема пристапност за лицата со посебни потреби до институциите во градот. Со одлука на Советот на Град Скопје, лифт и платформа за лица со посебни потреби ќе бидат набавени и поставени во СУГС„Арсениј Јовков“. Ова ќе биде втор лифт и платформа за лица со посебни потреби коишто ќе бидат поставени во едно средно училиште на Град Скопје, по оние поставени во СЕТУГС „Михајло Пупин“ во 2010 година.

# НОВИ 42 АВТОБУСИ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ




На градските улици сообраќаат вкупно 42 нови автобуси на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“, од коишто 41 се нископодни автобуси од Украина и еден е двокатен автобус од Кина. Новите возила располагаат со 28 седишта и места за стоење. Опремени се и со електрична рампа за лицата со посебни потреби и со мотори еко-4, со што значително се намалува потрошувачката на гориво. Автобусите имаат и систем за ладење и за греење.

- Новите возила на граѓаните им гарантираат удобност, поголема безбедност и скратување на времето на чекање на автобусите. Со збогатувањето на возниот парк на ЈСП се надеваме дека ќе се врати популарноста на градскиот превоз и градските автобуси ќе го оправдаат приматот на безбеден и редовен урбан транспорт. Сакам да нагласам дека новите автобуси се приспособени за полесно користење на лицата со посебни потреби. Новите автобуси трошат помалку гориво и штедат. Тие значително придонесуваат за заштита на воздухот од загадување – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Проектот за обнова на возниот парк на ЈСП „Скопје“ е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Владата на Република Македонија.



# ЖИЧНИЦАТА НА ВОДНО - НОВО ГРАДСКО ОБЕЛЕЖЈЕ



Жичницата што го поврза Средно Водно со Милениумскиот крст стана ново градско обележје. Располага со 28 кабини за по осум лица и две ВИП кабини за по четири лица. Гондолите од надворешната страна се опремени со држачи за велосипеди. Досега до Милениумскиот крст со новата жичница се искачиле околу 30.000 граѓани.

- Со завршувањето на овој проект Градот Скопје се придружува на поголем број европски градови во коишто има жичница. Трасата на оваа, нова, градска атракција е долга 1.750 метри и се искачува од 570 метри надморска височина на Средно Водно до 1.068 метри надморска височина на Милениумскиот крст. За функционирањето на жичницата се грижат 10 вработени во ЈСП „Скопје“ коишто ги поминаа најдобрите обуки. Градот Скопје го уреди просторот околу базата на жичницата, постави урбана опрема и дрвени куќички во коишто ќе може да се купат освежителни пијалаци и сувенири од Скопје - рече градоначалникот Коце Трајановски на официјалното пуштање во употреба на новата жичница.

Жичницата на Водно ја градеше австриската фирма „Допелмаер“, а со неа ќе стопанисува Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“.

- Мотото на жичницата е „Одиме нагоре!“. Нејзината безбедност ја гарантира австриската фирма што ја градеше, како и обучениот персонал од ЈСП „Скопје“. ЈСП дополнително потпиша договор и со Црвениот крст, коишто ќе се грижат за безбедноста на посетителите - нагласи директорот на ЈСП, Мишо Николов.



# ПЛАЖА „КАМЕН МОСТ“

Плажата „Камен мост“, на левата страна од кејот на реката Вардар, меѓу мостот „Гоце Делчев“ и Камениот мост на 7 мај годинава ги пречека првите посетители. На плажата се поставени стреи и дрвени платформи, 20 маси, 80 столчиња и 80 лежалки. Подлогата на плажата е од ситен песок. Има и четири шанкови, детско катче со лулашки и бина за одржување манифестации.

За посетителите, на плажата „Камен мост“ се монтирани четири тушеви, четири соблекувални, две украсни чешми за вода, две паркинг-места за велосипеди и 15 корпи за отпадоци.

Дел од Градската плажа „Камен мост“ е и одбојкарското игралиште со димензии 22,5 на 15 метри. Игралиштето ги задоволува сите стандарди за одигрување градски и национални натпревари. Теренот е заштитен со жичена ограда и плетена мрежа, а го осветлуваат 4 рефлектори.

Градската плажа на кејот на Вардар работи од 10 до 24 часот, а граѓаните може бесплатно да ја користат. На плажата се поставени табли „Забрането капење“.

За изградба на плажата Градот Скопје вложи околу 9 милиони денари, а на терен работеа екипите на градежната фирма „Алкон проект“.







Заинтересираните граѓани, ученици, спортски клубови или здруженија на граѓани можат бесплатно да ги користат игралиштата за одбојка на песок на Градската плажа „Парк“ и на Градската плажа „Камен мост“, што за спорт и рекреација се отворени секој ден во термините од 10 до 24 часот.

Закажувањето на термини може да се врши на телефоните 3297 – 238 и 3207 - 532, секој работен ден до 16:30 часот или на самите игралишта во работниот период.

Терминот за бесплатно користење на одбојкарските игралишта е со времетраење од еден час.

# ОДБОЈКАРСКИТЕ ИГРАЛИШТА НА ПЕСОК ОТВОРЕНИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

## На кејот на реката Вардар

# СЕ ГРАДИ РОЛЕРСКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ДО БУЛЕВАРОТ 8.СЕПТЕМВРИ

Градежните работи на ролерско-велосипедската патека на левата страна од кејот на Вардар, на потегот од булеварот Гоце Делчев до булеварот 8.Септември се одвиваат според планираното. На терен се прави ископ, ќе се нанесе тампонски слој, ќе се постават рабници, а потоа патеката ќе се асфалтира и ќе се обележи. Изградбата на оваа делница од ролерската патека треба да заврши до крајот на ова лето.

Според проектот, патеката ќе биде долга 2.810 метри, а широка 4,4 метри. На нејзината изградба ќе работат екипите на градежната компанија „Жикол“ Доел Струмица, а за реализација на овој проект Градот Скопје ќе издвои околу 16,5 милиони денари.



Како дел од градежните работи на новата ролерско-велосипедска патека од булеварот Гоце Делчев до булеварот 8.Септември, ќе се изгради и потпорен ѕид на делот каде што коритото на Вардар не е регулирано. Ѕидот ќе биде долг 80 метри, со променлива висина до 4 метри во зависност од конфигурацијата на теренот.

По должината на патеката се планира да се постави ново улично осветлување, со канделабри.



## УЛИЦАТА ПРВОМАЈСКА ОСВЕТЛЕНА ДО НАСЕЛБАТА ДРАЧЕВО

Градот Скопје постави ново јавно осветлување на улицата Првомајска, од фабриката ОХИС до мостот пред населбата Драчево. Овој потег повеќе години беше без улично осветлување и претставуваше опасност по безбедноста во сообраќајот.

Поставени се 55 дрвени столбови на делницата долга 1.550 метри. Од Буџетот на Град Скопје за реализацијата на овој проект се издвоени 840.721 денар, а работите ги изведе фирмата „Електроизградба“ од Скопје.

## СЕ МОНТИРААТ СВЕТИЛКИ НА ПАТЕКИТЕ НА КЕЈОТ НА ВАРДАР

За осветлување на пешачката патека во Ѓорче Петров, на потегот од железниот мост на реката Вардар до фабриката „Купром“ Градот Скопје почна да поставува кабловска мрежа од 4.200 метри и 144 двосегментни столбови со висина од 4,5 метри. На секој столб ќе биде поставена по една штедлива светилка од 100 W.

Финансиските средства за овој зафат во износ од околу 7 милиони денари се во целост обезбедени од буџетот на Град Скопје, а на терен работат екипите на компанијата „Дигитал“.

За осветлување на ролерската патека од левата страна на кејот на реката Вардар, на потегот од мостот „Гоце Делчев“ до булеварот 8.Септември, се поставува кабловска мрежа од 3.300 метри и 98 тросегментни столбови со висина од 6 метри. На секој столб ќе биде поставена по една штедлива светилка од 150 W. За овој проект Градот Скопје ќе потроши околу 5 милиони денари, а на терен работат екипите на компанијата „Магнус инженеринг“.

## НОВИ ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКИ ЛАНТЕРНИ НА СЕМАФОРИТЕ

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ изминатиов месец монтираа 271 нови велосипедско-пешачки и пешачки лантерни на семафоризираните крстосници во градот. Новите велосипедско-пешачки лантерни се поставени на повеќе крстосници на булеварите Србија, Илинден, Крсте Мисирков и на раскрсниците на булеварот Партизански одреди со улиците Московска, 8.Септември и со Рузвелтова. Пешачки лантерни се поставени на булеварот Јане Сандански кај Веро, кај ТЦ „Бисер“, кај ТЦ „Три Бисери“, на крстосницата со улицата Фрањо Круз и со Васко Карангелевски и на крстосницата на булеварот Кочо Рацин со улицата 11.Октомври.





## НОВИ ЧЕШМИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

Четирите нови стилизирани чешми за вода во првиот дел на Градскиот парк, што ги изградија екипи на Градот Скопје, се ставени во употреба. Чешмите се направени од измиено терацо и се обработени со малтер. Првата чешма е со седумаголна форма со седум чешмички од месинг. Втората чешма е поставена кај Школката и таа тече со водопад (низ канал покриен со речни камења) којшто се слева во корито. Од коритото на оваа чешма вода може да пијат домашните миленици. Кај влезот во паркингот на Град Скопје се наоѓа чешмата на којашто е поставен грбот на Град Скопје, а чешмата изградена кај тениските терени е обработена со елементи од ковано железо.

Чешмата кај Школката тече постојано, а другите чешми се пуштаат со притискање копче. Ваквиот начин на функционирање на чешмите во Градскиот парк е воведен за да се спречи неконтролираното истекување на водата за пиење, а со тоа и да се заштеди.

На изградба на четирите чешми во Градскиот парк работеа екипите на фирмата „Трго инжинеринг" од Скопје, а за овој проект Градот Скопје од Буџетот издвои околу 1,2 милиони денари.

## ПОРИБЕНИ ВОДИТЕ НА ЕЗЕРОТО МАТКА

Водите на езерото Матка во месец мај беа порибени со 6.000 парчиња македонска ендемична пастрмка, Salmo macedonikus (Karaman, 1924), како дел од Проектот за порибување и реинтродукција на македонската пастрмка во водите на Република Македонија.

Во Проектот за заштита, ревитализација и реинтродукција на македонската пастрмка во водите на Македонија, покрај главниот финансиер ГЕФ (Глобален фонд за заштита на животната средина и природата), Институтот за сточарство - Одделението за рибарство и Македонската риболовна федерација, еден од имплементаторите и иницијатор на активностите е Градот Скопје, којшто порибувањето го поддржа со 200.000 денари.

## РЕКОНСТРУИРАНА ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ВО КАЊОНОТ МАТКА

Градот Скопје изврши реконструкција на пешачката патека во кањонот Матка, од црквата „Свети Андреа" до месноста Висок рид. Пешачката патека е долга 4.000 метри, а се протега целосно по должината на брегот на вештачкото езеро Матка.

По должината на патеката е монтирана заштитна ограда со вкупна должина од 600 метри, изработена од челични профили. Реконструирана е и самата патека со камен, а на неколку места на патеката се направени проширувања на коишто се поставени клупи и корпи за отпадоци.

- Оградата по должината на оваа патека ја поставивме за да се зголеми безбедноста на посетителите и рекреативците коишто ја користат. Ги потсетувам граѓаните внимателно да се движат по обележаната патека во кањонот – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на промоцијата на обновената патека.

За целосна реконструкција на оваа пешачка патека и на безбедносната ограда Градот Скопје од Буџетот издвои околу 4 милиони денари. Реконструкцијата ја изведуваше фирмата МОБИ-ЕЛ Скопје, а е реализирана во согласност со сите стандарди за изведба на вакви патеки сместени во национално заштитени екопростори.






## 60.000 БЕСПЛАТНИ ПЛАСТИЧНИ КАНТИ ЗА ОТПАД

Вкупно 60.000 пластични канти за отпад ќе им бидат бесплатно поделени на индивидуалните домаќинства во Скопје, како дел од заложбата на Градот Скопје за почист град и поефикасно подигање на собраниот отпад.

Кантите за отпад се со капацитет од 120 литри, се во согласност со пропишаните меѓународни стандарди и се изработени од висококвалитетен полиетиленски материјал отпорен на температурни промени, UV радијација и хемиски влијанија. Вредноста на овој проект е околу 900 илјади евра, пари обезбедени како кредит од Светската банка, со помош на Владата на Република Македонија.




## НЕФОРМАЛНИТЕ СОБИРАЧИ НА ОТПАД ВКЛУЧЕНИ ВО СИСТЕМОТ НА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“

Деветнаесет неформални собирачи на селектиран отпад на 9 јуни потпишаа договори и станаа дел од интегрираниот систем на ЈП „Комунална хигиена“ за селектирање и преработка на отпадот од пакувања што им дава правно признание за нивните активности. За почеток, неформалните собирачи ќе го собираат селектираниот отпад од подрачјето на општините Ѓорче Петров, Карпош и Центар, но, проектот набргу ќе се прошири на целата територија на Скопје. Собраниот отпад во рециклажниот двор на булеварот Илинден ќе го откупува ЈП „Комунална хигиена“, ќе го презема, балира и ќе обезбеди пласман на секундарната суровина преку „Пакомак“.

- Градот Скопје постави 116 трикоморни мрежести контејнери за селективно собирање отпадна пластика, хартија и лименки. Овие контејнери се распоредени во сите десет скопски општини, со што се создадоа услови граѓаните на Скопје отпадот од пакувања од нивните домаќинства да го селектираат и одложат во наменскиот контејнер поставен на најблиската локација. Градот Скопје, заедно со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, УСАИД и првото регистрирано претпријатие за управување со отпад од пакувања „Пакомак“ е потписник на Меморандум за разбирање со којшто се предвидува неформалните собирачи на отпад од пакувања да бидат активно вклучени во интегриран систем за селективно собирање отпад што ќе им овозможи да обезбедат сигурна егзистенција – истакна градоначалникот Трајановски на промоцијата.

Директорот на ЈП „Комунална хигиена“, Ракип Дочи, објасни дека е извршена обука на неформалните собирачи за постапување со собраниот отпад, обезбедени се заштитни средства за работа, елеци, маски и ракавици и поделени се упатства за работа.



# ШЕСТ НОВИ КАМИОНИ ЗА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“




Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ во мај се опреми со шест нови специјализирани возила за собирање отпад. Новите возила го подобруваат работењето на јавното претпријатие, го олеснуваат подигањето и транспортирањето на сметот и придонесуваат за почист и поуреден град.

- За набавка на новите шест специјализирани возила Градот Скопје на ЈП „Комунална хигиена“ му додели наменски средства во висина од 30,5 милиони денари. Со овој чекор јасно се потврдува посветеноста на Градот Скопје да го опреми ова јавно претпријатие со нова механизација и значително да ја подобри хигиената во градот. Станува збор за шест специјални комунални возила со капацитет на надградбата од осум кубни метри и механизам за подигнување и празнење садови за отпад од 1,1 кубен метар и канти со зафатнина од 120 литри. Шасијата на новите камиони е од марката IVEKO, а надградбата е на словенечката фирма ATRIK. ЈП „Комунална хигиена“ во 2009 година имаше само шест половни возила со коишто опслужуваше 600.000 жители. Од 2009 година досега ова јавно претпријатие го опремивме со 18 нови возила – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на промоцијата на новата механизација.




## ТРИ НОВИ ВОЗИЛА ЗА ПРОТИВПОЖАРНАТА БРИГАДА НА СКОПЈЕ

Возниот парк на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје се збогати со три нови противпожарни возила за гаснење пожари во урбана средина. Едното противпожарно возило е набавено од Градот Скопје, а две противпожарни возила се донација од Владата на Република Македонија. Промоцијата на новите возила се одржа во рамките на одбележувањето на 20 мај, Денот на пожарникарството, во кругот на Противпожарната бригада во населбата Автокоманда.

- За оваа професија се потребни пожртвувани луѓе коишто го ризикуваат својот живот за да спасат други животи што се во опасност. Ја користам оваа можност во името на граѓаните на Скопје и во мое лично име да ви упатам благодарност. Поддршката од Градот Скопје за Противпожарната бригада е огромна и таа ќе продолжи и натаму. Во таа насока, возниот парк на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје од денеска е збогатен со три нови противпожарни возила за гаснење пожари во урбана средина. Едното возило е набавено од Град Скопје, а две противпожарни возила се донација од Владата на Република Македонија. Градот Скопје за набавка на противпожарното возило од буџетот издвои околу 13.600.000 денари. Трите нови возила за гаснење пожари во урбана средина значително ќе ги подобрат капацитетите на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје – рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на возилата.



## КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „13 НОЕМВРИ“

Одборот за доделување на Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје го распиша конкурсот за доделување на познатото градско признание за 2011 година. Наградата „13 Ноември“ на Градот Скопје се доделува на физички и на правни лица во знак на признание за остварувања во стопанството, науката, публицистиката, уметноста, културата, воспитанието и образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот и физичката култура, техничката култура, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други сегменти на животот, трудот и творештвото, што претставуваат посебен придонес за развојот на градот и за неговиот севкупен напредок и афирмација во Република Македонија и во светот.

Наградата за значајни остварувања се доделува и на физички и на правни лица од други држави. На ученици и на студенти Наградата се доделува за творечки труд или континуирани успешни постигнувања во наставните и во воннаставните активности што претставуваат посебен придонес за напредокот и афирмацијата на Градот Скопје.

Наградата се доделува за остварувања во изминатиот период од една година (сметано до завршувањето на конкурсот), како и за подолг изминат период којшто претставува заокружена творечка или континуирана работна целина.

За поединци, група творци, ученици и студенти Наградата се состои од диплома и паричен износ. Наградата за правни лица од земјава и за физички и правни лица од други држави се состои од диплома и плакета.

Право на предлагање кандидати за Наградата имаат правни и физички лица. На поранешен добитник наградата може да му се додели повторно, но не пред истекот на 10 години од добивањето на последната награда. Предлогот за Наградата треба да биде детално образложен, а за кандидатите поединци да содржи и биографија. Предлагачот е потребно да ги наведе својот полн назив, адресата и телефонскиот број. Кон предлогот за доделување на Наградата за печатени дела и други изданија се приложуваат и два (2) примерока од делото.

Формулар за конкурирање за Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје може да се подигне во приемната канцеларија на Градот Скопје или да се најде на веб-страницата www.skopje.gov.mk. Предлозите се поднесуваат во 3 примероци до Одборот за доделување на Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје (Град Скопје-Градски парк), Приемна канцеларија. Информации на телефон 3297-357 и 072 272-473. Конкурсот за предлагање личности за добивање на Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје за 2011 година трае до 10 септември 2011 година.

## „ДЕНОВИ НА КРАЛЕ МАРКО 2011“

Марковиот манастир на 21 мај беше домаќин на традиционалната градска манифестација „Денови на Крале Марко“. Посетителите на манастирот имаа можност да ја посетат црквата „Свети Димитрија“, конаците, музејот – Воденица и музејскиот дел од манастирот и да уживаат во настапот на хорот од црквата „Свети Димитрија“.

Во забавниот дел од програмата на манифестацијата настапија ансамблот на народни игри и песни „Танец“, група ученици од отсекот за традиционално пеење и игри „Илија Николовски - Луј“, Зоран Ѓорлев со неговиот бенд, како и жонглерската група „Фазбабл“.

Манифестацијата „Денови на Крале Марко 2011“ се организираше под покровителство на Град Скопје со цел да се промовира Марковиот манастир и неговата околина на еден поинаков начин, преку спојување и одржување на традицијата, негување на се она што како културно наследство ни го има оставено Крале Марко и неговиот брат Андреа и можностите за нивно користење за културни и за туристички цели.





# ЧЕТВРТА СРЕДБА МЕЃУ ПРВИОТ И НАЈДОБРИТЕ

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на најдобрите 25 матуранти – првенци на генерација од 21 средно училиште на Град Скопје им додели признанија и парични награди во висина од 20.000 денари. Доделувањето на наградите и на признанијата е дел од традиционалната манифестација „Средба меѓу првиот и најдобрите“ што е во организација на Градот Скопје.

- Градот Скопје преку овој проект и слични на него, ќе настојува да даде дополнителен поттик за натпреварите во знаење, да ги мотивира идните генерации да се стремат кон повисоки образовни цели и училишни постигнувања – им порача градоначалникот Трајановски на првенците.

Најдобрите 80-тина ученици од сите средни училишта на Град Скопје, шеста година по ред, учествуваа и во проектот „По стапките на творците на градот“, што Градот Скопје го реализира како еднодневна наградна екскурзија за сите ученици што во изминатите 4 учебни години покажале особен успех во учењето. Средношколците посетија повеќе монументалните објекти во Скопје и во околината, монументални места врз коишто се темели идентитетот на нашиот град.





## СЕ ИГРАШЕ КВАДРИЛ НА ПЛОШТАДОТ „ПЕЛА“

На плоштадот „Пела“ на 20 мај се одржа петтата „Матурска парада 2011“, а матурантите од Скопје им се придружија на своите врсници од шеесетина градови од земјава и од Европа и во исто време, точно напладне, го одиграа танцот „квадрил“.

На годинешнава „Матурска парада“ во Скопје учествуваа ученици од средните училишта „Димитар Влахов“, „Владо Тасевски“, „Раде Јовчевски – Корчагин“, „Браќа Миладиновци“, „Јосип Броз Тито“, „8 Септември“, „Панче Караѓозов“, „Георги Димитров“, „Лазар Танев“, „Марија Кири Склодовска“, „Михајло Пупин“, „Панче Арсовски“, „Цветан Димов“, „Здравко Цветковски“ и “Интернационално средно училиште“. Матурска парада се одржа и во Струмица, Струга и во Охрид, а вкупниот број на учесници од нашава земја е 1.840 матуранти.

Градот Скопје е главен покровител на оваа традиционална манифестација.




## ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО Е-СПОРТ 2011

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, присуствуваше на отворањето на седмото Државно првенство во е-спорт, коешто во спортскиот центар „Борис Трајковски“ се одржуваше од 20 до 22 мај. Натпреварите на Државното првенство во е-спорт истовремено беа и национални квалификации за Светското првенство во е-спорт што ќе се одржи во Јужна Кореја (World Cyber Games 2011). Првенството годинава беше дел од ЛАН ФЕСТ којшто понуди интеракција на ИКТ бизнис секторот и јавноста преку забавно-едукативниот и изложбениот карактер.

- Градот Скопје трета година по ред дава поддршка на овој настан. Задоволството е големо бидејќи од година во година расте бројот на пријавени учесници. И годинава ќе ги посоветувам младите е-спортисти и гејмери активно да се занимаваат и со физички спортови, бидејќи за да се издржат сите притисоци и стресови за време на натпреварите потребна е добра физичка кондиција. Убеден сум дека нашата репрезентација достојно ќе не претставува на светското првенство во Јужна Кореа и ќе се вратат како победници – рече градоначалникот Трајановски.

Организатор на ова првенство е Македонската е-спорт федерација во партнерство со Македонски Телеком и со поддршка на Градот Скопје.




## ЗАВРШИЈА СРЕДНОШКОЛСКИТЕ ЛИГИ ЗА УЧЕБНАТА 2010/2011

Учениците од ДУФК „М.М. Брицо“ и средношколската женска ракометна екипа од ДУФК „М.М. Брицо“ се најдобрите ракометари во Средношколската лига на град Скопје за учебната 2010/2011 година. Второто место во машка конкуренција им припадна на учениците од СУГС „Владо Тасевски“, а вицешампионки во ракомет се ученичките од СУГС „Орце Николов“.

Најдобра машка екипа во кошарка е екипата на ДУФК „М.М.Брицо“, а втори се СУГС „Орце Николов“. Со завршувањето на „final four“ натпреварите во одбојка, кошарка, футсал и ракомет се добија најдобрите средноучилишни екипи на градот Скопје за оваа учебна година, па така во одбојка најдобра женска екипа е екипата на СУГС „Георги Димитров“, а втори се одбојкарките од СУГС „Никола Карев“.

Во футсал во машка конкуренција најдобри беа фудбалерите на ДУФК „М.М.Брицо“, а второто место им припадна на СУГС „Арсениј Јовков“.

Сите „final four“ натпревари од најмасовната средноучилишна лига на град Скопје за учебната 2010/2011 се одиграа во новата Спортска сала „Народни херои“ при Факултетот за физичка култура. Годинава во Средношколските лиги на ниво на град Скопје учествуваа над 3.000 ученици. Системот натпревари е во организација на Училишниот спорт на средни училишта во Скопје и Град Скопје, а реализацијата е под покровителство на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.




# АТЛЕТИЧАРИТЕ ОД КЕНИЈА НАЈДОБРИ НА 5.СКОПСКИ МАРАТОН 2011

Атлетичарите од Кенија триумфираа на петтиот по ред Скопски маратон што на градските улици се трчаше на 8 мај. Годинава, на маратонот беа пријавени околу 3.000 учесници од Турција, Србија, Црна Гора, Бугарија, Романија, Албанија, Унгарија, Молдавија, Бугарија, Кенија и од Македонија.

Кениецот Диксон Терер беше најдобар во машка конкуренција, а меѓу жените најдобра на патеката од 42.195 километри беше неговата сонародничка Сесилија Варутумо. Во полумаратонската трка на 21.097 километри, прв на целта во машка конкуренција стигна Србинот Мирослав Комарчевиќ, а во женска конкуренција победи Елена Моада од Романија.

На трката за рекреативци и хуманитарци на 5.000 метри најбрзи беа Марија Стојчевска и Никола Кутаноски. Дел од собраните средства од оваа трка беа наменети за здружението „Дајте ни крилја".

Во рамките на Маратонот годинава беше реализирана уште една придружна манифестација, Балканското првенство во маратон. Новина за оваа година е и што Скопскиот маратон влезе во листата на маратони на ИААФ на којшто можеше да се исполни норма за учество на Светското првенство во атлетика во 2011 година во Јужна Кореја и за учество на Олимписките игри во 2012 година во Лондон. Годинава, првпат беа воведени и специјални чипови за мерење на времето на натпреварувачите, што беа вградени во внатрешната страна на стартните броеви.

Скопскиот маратон е во организација на Градот Скопје, Сојузот на спортови на Скопје, Атлетската федерација на Македонија, Атлетскиот клуб „Работнички" и Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.






# БАСКЕРФЕСТ 2011 НА СКОПСКИТЕ УЛИЦИ




Триесетина улични артисти од 15 земји настапија на годинашниов, шести по ред, „Баскерфест 2011“ што се одржуваше од 3 до 12 јуни на повеќе локации во градот. Баскерите на заинтересираните присутни им понудија над 400 акробатски, пиротехнички, жонглерски, музички и театарски изведби.

Циркусот под отворено небо се случуваше на плоштадот „Македонија“, во Старата скопска чаршија и на платото пред „Веро-центарот“.

Покровител на овој Интернационален уличен фестивал е Градот Скопје.




„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
НАМ прес- Скопје




*Мост на револуцијата*